РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 05-1132/1
20.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-998/3 од 19.03.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11-та седница одржана на 19.03.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, бр.05-469/1 од 31.01.2025 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 199.729.722,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за:
   - Доделување на финансиска помош – Донација за Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, согласно нивното Барање бр.04-25 од 11.03.2025 година (наш арх.бр.03-988/1 од 11.03.2025 година), со цел да и се помогне на телевизијата во санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил на 8 март 2025 година.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се изврши со измена на следните позиции:
   - Групната ставка **401 – Потрошена енергија** се намалува за 500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 10.400.000,00 денари, изнесува 9.900.000,00 денари;
   - Позицијата **401000 – Потрошена електрична енергија** се намалува за 500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.000.000,00 денари, изнесува 8.500.000,00 денари;
   - Групната ставка **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголемува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, истата изнесува 1.500.000,00 денари;
   - Позицијата **450100 - Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголемува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, истата изнесува 1.500.000,00 денари. Овие средства од 500.000,00 денари се наменети за Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово за санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил телевизијата на 8 март 2025 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, со цел да се обезбедат средства наменети за доделување на финансиска помош – Донација за Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, согласно нивното Барање бр.04-25 од 11.03.2025 година (наш арх.бр.03-988/1 од 11.03.2025 година), со цел да и се помогне на телевизијата во санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил на 8 март 2025 година.

За да се обезбедат 500.000,00 денари, се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и тоа: Групната ставка **401 – Потрошена енергија** се намали за 500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 10.400.000,00 денари, изнесува 9.900.000,00 денари. Позицијата **401000 – Потрошена електрична енергија** се намали за 500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.000.000,00 денари, изнесува 8.500.000,00 денари. Групната ставка **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголеми за 500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, изнесува 1.500.000,00 денари. Позицијата **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголеми за 500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, изнесува 1.500.000,00 денари. Овие средства се наменети за Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово за санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил телевизијата на 8 март 2025 година.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2025 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 199.729.722,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-998/3 од 19.03.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11-та седница одржана на 19.03.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.